РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр. 12 - 1251/1
03.09 2024 год.
ДЕЛЧЕВО


**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
Градоначалник

**адреса: ул„Светозар Марковиќ„бр.1 Делчево**
**тел: 033/413-521 факс: 033/411-550**
**E-mail:info@delcevo.gov.mk**
**www.delcevo.gov.mk**


**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
- **СЕКТОР ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Плоштад Пресвета Богородица", бр. 3**
**1000 СКОПЈЕ**

**П Р Е Д М Е Т: ДОСТАВУВАЊЕ АКТИ**

Почитувани,

Постапувајќи согласно член 65 од Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), ги изработивме и Ви ги доставуваме Одлуката за Неспроведување на стратегиска оцена и формуларот кои се однесуваат на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 1MW на КП 1759 и КП 1760 КО Делчево, Општина**, на Ваша понатамошна надлежност согласно законската регулатива.

Вашето мислење, Ве молиме да ни биде доставено во законски утврдениот рок како би можеле да ја продолжиме постапката.

Ви благодариме за соработката.

Со Почит,
Изработил:
Татјана Стојковска
Одобрил:
Звонко Атанасов

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Горан Трајковски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ДЕЛЧЕВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр. 12-1251/1
03.09. 2024 год.
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 , 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), Градоначалникот на Општина Делчево , на ден 27.08.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА**

1. За планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 1MW на КП 1759 и КП 1760 КО Делчево, Општина**, **не е** потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Делчево : **www.delcevo.gov.mk**.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата , содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно еспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена , одобрувањето на планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 1MW на КП 1759 и КП 1760 КО Делчево, Општина** нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Енергијата од сончевото зрачење претставува најобилен , неисцрпен , бесплатен и обновлив извор на енергија кој не ја загадува околината, не создаваат емисии на штетни материи, не трошат гориво и не создаваат бучава. Изградбата на фотоволтаичните електрани ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија. Влијанијата кои ќе се јават во фаза на градба се проценуваат како малку значајни и со ограничен временски рок.
4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Горан Трајковски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Изработил:
Татјана Стојковска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр. 12-1251/1
03.09. 2024 год.
ДЕЛЧЕВО

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 1MW на КП 1759 и КП 1760 КО Делчево, Општина** |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | **ДППИ ТАЈФА-ПЛАН ДОО СКОПЈЕ** |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на Општина Делчево |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Наташа Влчевска-Савиќ, диа<br>Гордана Караѓуле-Ристеска, диа |
| Назив на работното место | Планери |
| Контакт податоци за лицето | Васил Главинов бр.3-2/8 градски зид Б-10 Скопје-Центар, Центар<br>070 383 941<br>( контакт општина Делчево Горан Петровски 071215274 ) |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Основа за изработка на урбанистичкиот проект се Условите за планирање на просторот и оваа проектна програма. Урбанистичкиот проект се изработува врз основа на методологијата која произлегува од одредбите утврдени со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), Правилникот урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22,99/23) и Законот за урбано зеленило (Сл. весник на РМ бр. 11/18). Планските решенија треба да бидат засновани на сознанијата и заклучоците изведени од анализата на постојната состојба, како и на податоците добиени од правните субјекти од областа на комуналната инфраструктура, културното наследство, заштитата и спасувањето и сл. | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да X<br>Не | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| Просторот во рамките на планскиот опфат досега не е третиран со урбанистичка планска документација. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| ДА – просторно и урбанистичко планирање. | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| | | | |
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| На ниво на план не е утврдено дали проектите влегуваат во Прилог I или Прилог II, односно Проекти за кои задолжително се врши оцена на влијанијата врз животната средина или се утврдува потребата од спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Не.<br>Проектот кој е предмет на изработка на урбанистичкиот проект се наоѓа на територијата на општина Делчево,Со Урбанистичкиот проект треба да се дефинираат условите за изградба на објекти со намена Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани, притоа водејки сметка со предложеното урбанистичко решение да се предвидат хумани услови за уредување на просторот.<br>Просторот кој е предмет на изработка на урбанистичкиот проект се наоѓа на територијата на Општина Делчево, во КО Делчево, на некатегоризиран пат и истиот се наоѓа вон опфат на урбанистички план. | | | |
| Да се наведе целта на донесувањето на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |

| |
|---|
| Изградбата на предвидените површински соларни и фотоволтаични централи за поставување на фотонапонски панели на земја КО Делчево , ке биде во функција на одрживиот развој преку производство на енергија од обновливи извори ( сончева енергија), додека истата ке оствари удел и во развојот на економските активности во локалната и националната економија, го намалува увозот на електричната енергија и продукција на стакленички гасови. Преку воведувањето на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија , што е еден од основните приоритеи во одрживиот развој. Искористувањето на конфигурацијата на теренот и другите природни фактори и вклопувањето на предвидените објекти дава можност за добар просторен развој а уредувањето на предметниот простор би требало да предизвикз позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфрастриктурна опремененост и уреденост на просторот, базирано на принципите на оодржлив рзвој и максимално почитување и вградување на нормативите и стандардите за заштита на животната средина. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| / |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| / |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Во рамките на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (Е-1.13) - Фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 1MW на КП 1759 и КП 1760 КО Делчево, Општина Делчево. Во рамките на границите на проектниот опфат влегуваат катастарските парцели КП 1759 и 1760КО Делчево, Општина Делчево, со следниве координати:<br>Y=7647947.7100 X=4650347.3600<br>Y=7647918.1800 X=4650345.3100<br>Y=7647925.9900 X=4650321.2200<br>Y=7647950.5800 X=4650288.4400<br>Y=7647954.2400 X=4650290.1000<br>Y=7647963.3700 X=4650294.3100<br>Y=7648026.0400 X=4650319.2200<br>Y=7648031.2400 X=4650366.0200<br>Y=7648021.8300 X=4650364.2400<br>Y=7647951.5100 X=4650348.1600 |



Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.

Да √
Не

**Дали е приложена копија од целите?**

Да
Не √

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)

Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.

Влијанијата од Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (Е-1.13) - Фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 1 MW на КП 1759 и КП 1760 - КО Делчево, Општина Делчев може да се анализираат како позитивни и негативни влијанија и тоа влијанија врз сите медиуми на животната средина, биолошката разновидност, природата, пределот, културното наследство, луѓето и социо-економските влијанија.

Фаза на изградба:

- Емисии од фугитивна прашина од градежните активности;
- Зголемување на нивото на бучава од градежните активности;
- Создавање на цврст, неопасен и инертен отпад;

Функционална фаза:

- Можност за промена на карактеристиките на пределот.

| | |
|---|---|
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | -Енергијата од сончевото зрачење претставува најобилен, неисцрпен , бесплатен и обновлив извор на енергија кој не ја загадува околината, не создаваат емисии на штетни материи, не трошат гориво и не создаваат бучава.<br>-Негативно влијание по човековата околина е потребата од |

| | |
|---|---|
| | зголемена површина на земјиште за нивно инсталирање. При реализација на предметните активности за изградба на фотоволтаични електрани треба да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кои би се загрозиле неговите природни вредности. Неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредивањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба.<br>-Изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани во рамките на предметниот опфат се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктуна опременоста и уреденост на просторот, Изградбата на фотоволтаичните електрани ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија , и емисиите на стакленички гасови, не трошат гориво .<br>- При реализацијата на урбанистичкиот план се очекува да има и негативни влијанија врз животнара средина , посебно во фазата на градба на планираните објекти како што се: емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата директни и индиректни, емисии на бучава , отпад и влијанија врз флората и фауната, кои влијанија ке бидат локални и со ограничен временски рок.<br>Влијанијата кои ќе се јават ви фаза на градба се проценуваат како малку значајни. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Во екплоатациониот период не се очекува значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните содржини со намена фотоволтаични централи не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Со имплементацијата на Урбанистичкиот проект не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на планскиот опфат од границите на државата |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Во експлоатациониот период не се очекува значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Опфатот на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (Е-1.13) - Фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 1 MW на КП 1759 и КП 1760 - КО Делчево, Општина Делчев концепиран во една целина на површина од 5 201м2 или 0,52ха и е надвор од урбанистичкиот опфат на најблиските населби. |

**Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:**

Изградбата на предвидените површински соларни и фотоволтаични електрани , ке биде во функција на одржливиот развој преку производтсво на енергија од обновливи извори ( сончева енергија) додека истата ке оствари удел и во развојот на економските активности во локалната и националната економија.

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**

Предметниот проектен опфат е надвор од граници на населени места, евидентирано како култура нива, не претставува област која ке биде засегната со донесување на планскиот документ.

Планскиот концепт е поставен врз основа на анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Планската програма. Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт.

Планот кој е основен развоен документ, има крајна цел преку:

- рационално користење на земјиштето;
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот;
- оформување на препознатлива амбиентална целина;
- почитување и заштита на правото на човекот на приватност;
- почитување и надградување на пејсажните вредности;
- вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето;
- почитување и подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на лица со инвалидитет;
- вградување заштитни мерки;
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето;
- предвидување мерки за заштита и спасување;
- отворање на нови работни места.

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | На просторот кој е предмет на изработка на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план кој е предмет за изградба на фотоволтаични електрани ( за поставување на фотонапонскипанели на земја) нема регистрирано ниту евидентирани природно наследство. Доколку при изработка на документацијата се дојде до одредени нови сознанија, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно законската регулатива.<br>Во делот на заштита на културното наследство, истото наведено е на ниво на катастарска општина , поради што при изработка на документацијата потребно е да се утврди али на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветни плански мерки за заштита и да се постапи согласно постоечката законска регулатива. Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, да се постапи согласно закон за заштита на културното наследство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на** | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |

| | |
|---|---|
| **животната средина или граничните вредности** | |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Поради потреба од зголемена површина на земјиште за изградба на фотоволтаични електрани, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**
Со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план се предвидува изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани( поставување на фотонапонски панеи на земја) за производство на електрична енергија од обновливи извори, со површина на проектен опфат од 5 200м2 или 0,52ха.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**
Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти. Со планскиот документ се предвидува изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани за производство на електрична енергија од обновливи извори, кој не ја загадуваат околината, не создаваат емисии на штетни материи, не трошат гориво и не создаваат бучава, не се очекува значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето , на локација која се наоѓа надвор од опфат на најблиските населби.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**
**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Одобрувањето на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план ќе има влијанија во текот на реализацијата кои се огледаат во следните области од животната средина:
- воздух- активностите за изградба на предвидените објекти и нивното функционирање ќе влијаат врз квалитетот на воздухот, пред се поради емитувањето на штетни гасови од возилата и градежната механизација која ќе сообраќа до предметната локација во текот на изградба, но нема значително да го загрози

| |
|---|
| квалитетот на воздухот. Во текот на експлоатацијата нема влијанија врз воздухот.<br>- површински и подземни води- со реализација на УПВНМ не се очекуваат значителни влијанија врз површинските и подземните води бидејки во текот на екплоатацијата нема отпадни технолошки води. Атмосферски води се слеваат по природен пат.<br>- бучава- во фазата на изградба се очекува зголемено ниво на бучава на предметната локација<br>- отпад- доколку при изградба на површински соларни и фотоволтачни електрани се создаде отпад, создавачите на отпад се должни во најголема можна мера да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина , животот и здравјето на луѓето.Создадениот отпад треба да се депонира организирано во постојна депониија.<br>Од аспект на одржливоста, одобрената документација позитивно ќе влијае врз:<br>- искористување на обновливи избори за производство на енергија<br>- обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот, |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**<br>**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**<br>Од еколошки аспект, значајни се следните влијанија кои може да бидат предизвикани врз животната средина:<br>- зголемување на нивото на загадување на воздухот (предизвикано од издувните гасови на возилата кои ќе сообраќаат во текот на изградбата на стопанскиот комплекс);<br>- зголемување на нивото на бучава (предизвикано од градежните активности);<br>- зголемување на количината на продуциран отпад (предизвикано од градежните активности) |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>.<br>Проектниот опфат на палнскиот документ не бил предмт на оцена, ниту граничи со опфат на плански документ кој бил предмет на оцена.<br>За предметниот опфат како показател користени се одредбите од Условите за планирање на просторот изработени од Агенцијата за планирање на просторот - Скопје, Република Македонија<br>Исто така, овој план е поврзан со:<br>• Просторен план на РМ;<br>• Стратегија за управување со води во РМ;<br>• Национален план за управување со отпад;<br>• Национална стратегија за економски развој на РМ;<br>• Национална стратегија за одржлив развој;<br>• Втор национален еколошки акционен план на РМ;<br>• Стратегија за демографски развој на РМ;<br>• Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;<br>• Стратегија за мониторинг на животната средина. |

| | |
|---|---|
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>Нема спроведено стратегиска оцена на заштита на животна средина. | |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Со овој Извештај за Стратегиска оцена на животна средина ќе се дадат генерални мерки и насоки кои ќе влијаат врз подобрувањето на животната средина и здравјето на човекот. Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник<br>Горан Трајковски |
| Бр. 27,08,2024 г<br>Датум: Делчево<br>Место: Општина Делчево | М.П. |

Изготвил:
Татјана Стојковска